**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6-ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр.08-50

**Комисијата за заштита на конкуренцијата** врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11 и 41/14), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднсено од **Телеком Австрија АГ** (TELEKOM AUSTRIA AG), со седиште на 1020 Vienna, Lassallestrasse 9, Австрија, преку преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седница одржана на ден 19.08.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **Телеком Австрија АГ** (TELEKOM AUSTRIA AG), со седиште на 1020 Vienna, Lassallestrasse 9, Австрија ќе стекне непосредна единствена контрола над **АМИСКО НВ** (AMISCO NV), со седиште на Romeinsesteenweg 566, Bus 301, 1853 Strombeek-Bever, Белгија по пат на стекнување на акции, ако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износод 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

## Образложение

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 15.07.2015 година, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, Телеком Австрија АГ, Австрија поднесе известување за намерата на Телеком Австрија АГ, Австрија да стекне контрола над АМИСКО НВ (AMISCO NV), Белгија по основ на купопродажба на акции.

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

1. **Телеком Австрија АГ** е член на Америка Мовил Групацијата (América Móvil Group), која е активна во Македонија како давател на мобилни телекомуникациски услуги, фиксни телефонски услуги, широкопојасен интернет пристап и дистрибуција на медиумски содржини.

Америка Мовил Групацијата е активна во Македонија преку нејзините поврзани субјекти: (i) ВИП Оператор ДООЕЛ Скопје, (ii) ВИП Услуги ДООЕЛ Скопје, (iii) ВИП Продажба ДООЕЛ Скопје, и (iv) Близу Медиа енд Броудбенд ДООЕЛ Скопје („Близу"), како и зависните друштва на Близу: АСТРА ПЛУС ДООЕЛ Скопје, ФИЛАДЕЛФИЈА-2002 ДООЕЛ Скопје, КАБЕЛ РИЗ ДООЕЛ Скопје, СПЕЈС ТЕЛ НЕТ ДООЕЛ Скопје, ГИВ ДООЕЛ Скопје, БТВ-НЕТ ДООЕЛ Скопје, СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Скопје и СИСТЕМ КАБЕЛ ДООЕЛ с.Миладиновци - во ликвидација.

**Вип Оператор ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. „Филип Втори Македонски" бр. 3, ДЦ Соравиа / 8ми кат, 1000 Скопје е активно во обезбедувањето на телекомуникациски услуги во Македонија (припејд и пост-пејд мобилни услуги, 3G интернет и мобилни апликации). Вип Оператор ДООЕЛ Скопје е зависно друштво во посредна целосна сопственост на Телеком Австрија АГ.

**Близу Медиа енд Броадбенд ДООЕЛ Скопје**, со седиште на булевар „3-та Македонска Бригада" бр. 48, Аеродром, 1000 Скопје е зависно друштво во посредна целосна сопственост на Телеком Австрија АГ. Близу Медиа енд Броадбенд ДООЕЛ Скопје работи на одредени делови од територијата на Република Македонија и ги обезбедува следните услуги, вклучително и преку неговите зависни друштва: дистрибуција на медиумски содржини, широкопојасен интернет пристап (преку xDSL и кабелска технологија) и фиксна телефонија.

Дополнително, Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение 08-1 од 08.07.2015 година условно го одобри стекнување на контрола врз ОНЕ - Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје од страна на Америка Мовил Групацијата.

**ОНЕ телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје** (во натамошниот текст:„**ОНЕ**"), бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.15, 1000 Скопје, Република Македонија е со предмет на работење-Дејности на безжични телекомуникации. ОНЕ нуди мобилни телекомуникациски услуги за крајни корисници, фиксна телефонија, широкопојасен интернет пристап и дигитално видео емитување во Македонија.

**2. АМИСКО НВ** е холдинг друштво во Групацијата Амис, која обезбедува услуги на широкопојасен интернет пристап, дистрибуција на медиумски содржини и услуги на интернет телефонија (VoIP услуги). **АМИСКО НВ** е главно активно во Словенија и исто така во Хрватска, но не е активно во Македонија.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk*

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 7 б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) одЗаконот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**